СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
Стопанска банка АД - Скопје, 11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Македонија
тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOB MK 2X, ЕМБС 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk

# НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА
# **e-banking**

E-banking сервисот е еден од алтернативните канали кои ги нуди Стопанска банка АД – Скопје под брендот i-bank. Со овие алтернативни канали Банката е достапна 24 часа и клиентот има слобода да го избере начинот на интеракција со Банката. i-bank услугите се достапни преку банкомат, e-banking и e-commerce. За повеќе информации контактирајте го нашиот **24 часовен инфо центар на (02) 3100 109.**

## Содржина (со CTRL кликни на кое било мени за директен пристап)

I Зошто да користам e-banking ....2
II Како се станува корисник ....4
III Како се инсталира и користи e-banking ....5
IV Кои се трошоците и термините за користење на e-banking сервисот ....9
V Податоци за безбедност....11
VI Заборавена лозинка, изгубен сертификат, пријава на злоупотреба ....12
VII Дополнителни прашања и проблеми ....13
VIII Општи услови за користење ....15
IX Новитети во сервисот за електронско банкарство ....17

За сите дополнителни прашања поврзани со e-banking услугата контактирајте го нашиот **24 часовен инфо центар (02) 3100 109**

Стопанска банка АД - Скопје, 11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Македонија
тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOB MK 2X, ЕМБС 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk

# I Зошто да користам e-banking

1. Кои се предностите на e-banking сервисот?
2. Зошто да користам e-banking?
3. Кои услуги ги нуди e-banking сервисот?
4. Дали може да ги снимам или отпечатам податоците – месечни извештаи, амортизациони планови, листа на трансакции и сл.?

1.1 E-banking сервисот е економичен, динамичен, безбеден и едноставен начин за управување со вашите лични и корпоративни финансии. Преку секцијата „Мои сметки“ добивате 24 часовен пристап и увид до вашите сметки и банкарски производи со што не зависите од работното време на Банката. Можете да вршите базични банкарски услуги брзо и едноставно: плаќање на сметки за струја, вода, телефон, греење, интернет, ТВ, данок и секакви други трансфери од сметка на сметка. Дополнително, покрај во сметките, со e-banking системот на Стопанска банка клиентите добиваат увид и во производите кои ги користат – кредити, кредитни картички, депозити и сл. Амортизационите планови, листите на уплати, каматните стапки и сл. се отвораат само со еден клик во секцијата „Мои производи“.

Со примената на дигитален сертификат (достапен на CD или на USB token) Банката ги задоволува највисоките стандарди за заштита и на клиентите им обезбедува сигурен пристап и можност за управување со сопствените средства.

1.2 E-banking системот е замислен да им овозможи поголема контрола на клиентите врз сопствените финансии. Со прегледот на сите уплати и исплати од сопствените сметки и картички, увидот во кредитите и депозитите кои ги користи, клиентот во секое време може да пресмета колку слободни средства има, истите да ги испланира и да ги реализира преку e-banking системот кој е изработен со највисоки стандарди за заштита, а од друга страна е едноставен за користење.

1.3 Преку e-banking сервисот на Стопанска банка АД – Скопје имате можност да:

1.3.1 Имате 24 часовен **увид во вашите сметки**

- Тековна трансакциска или штедна сметка, сметка поврзана со кредитна картичка или ОК картичка
- Увид во дневни трансакции (изводи) по сметка. Преглед на сите трансакции во период од 6 месеци по сметка.
- Увид во месечни извештаи за кредитни картички не постари од 6 месеци

1.3.2 Можност за **плаќања** од тековна трансакциска сметка:

Стопанска банка АД - Скопје, 11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Македонија
тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOB MK 2X, ЕМБС 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk

- Режиски трошоци без провизија: струја, парно, вода, телефон, кабелска ТВ и интернет и сите други плаќања кон сметки во Стопанска банка АД - Скопје.
- Даноци
- Плаќања од сметка на сметка

1.3.3 Постојан **увид во производите** кои ги користите

- Кредити – увид во амортизациони планови, листи на плаќања, увид во месечни извештаи и листи на дневни трансакции од кредитните картички
- Депозити – увид во каматната стапка, рокот на и салдото на депозитот

1.4 Со едноставно избирање на иконата „преземи“ можете да ги снимите во електронски формат сите прегледи кои ви се достапни за вашите сметки или производи и тоа во XML формат. Дополнително со избирање на иконата „печати“ можете да ги испечатите истите прегледи.

Врати се на почеток

# II Како се станува корисник

1. Кој може да биде корисник?
2. Како се станува корисник?
3. Каде може да поднесам барање за e-banking?

2.1 Корисник на e-banking сервисот на Стопанска банка може да биде секое правно и физичко лице кое има трансакциска сметка во Банката.

Со едноставно поднесување на барање преку филијалите или веб страницата на Банката секое правно или физичко лице може да стане корисник. Клиентот може, при поднесување на барањето, да назначи дали сака за плаќања од сервисот да користи USB token или CD дигитален сертификат и од каде сака да ги подигне материјалите (град и филијала).

2.2 Банката реагира по секое барање, ги изготвува потребните материјали (договор, лозинка и име, профил и дигитален сертификат) и го повикува клиентот да го потпише Договорот и да ги подигне материјалите исклучиво лично поради заштита на осетливите податоци.

2.3 Барање за e-banking може да поднесете во секоја филијала на Банката и на нашата веб страница во секое време. http://www.stb.com.mk/ebank/ebankapplication.asp

Врати се на почеток

Стопанска банка АД - Скопје, 11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Македонија
тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOB MK 2X, ЕМБС 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk

# III Како се инсталира и користи e-banking

1. Зошто мора да ја сменам лозинката која ми ја додели Банката и каква лозинка да ставам?
2. Зошто ми е потребен дигитален сертификат и како можам да го добијам овој сертификат?
3. Како се инсталира и користи CD дигиталниот сертификат?
4. Како се користи USB token дигиталниот сертификат?
5. Дали треба да инсталирам уште некој програм за да извршувам плаќања?
6. Каде може да ги најдам дополнителните програми за инсталација?
7. Со кои оперативни системи работи e-banking сервисот?
8. Со кои пребарувачи работи e-banking сервисот (Internet Explorer, Mozilla, Opera, Chrome etc.)?
9. Дали можам да плаќам од сметките во сабота и недела?

3.1 При отворање на e-banking профил, секој клиент со Договорот добива уникатно име (username) и лозинка (password) која може да се користи исклучиво само за првата најава. Оваа лозинка има за цел да му овозможи на клиентот иницијален пристап до e-banking профилот и можност да креира сопствена лозинка која ќе му биде позната само на клиентот. Со креирање на овие име на профил и лозинка, клиентот може од секој компјутер во секое време да има неограничен увид во своите сметки и производи. За реализирања на плаќања од сметките клиентот треба да поседува дигитален сертификат (види прашање 3.2)

Препорака на Банката е лозинката да ја знае само сопственикот на профилот и истата со цел да биде подобра да содржи комбинација од букви, бројки и знаци (0-9, Aa, +-= и сл.). Овој начин на создавање на лозинки е препорачан насекаде во светот со цел да се намали можноста од откривање и злоупотреба на лозинката. Со цел да се заштити клиентот препорачливо е да ја менува лозинката минимум еднаш годишно. Доколку клиентот ја заборави лозинката или e-banking профилот може да побара нивна обнова во секоја филијала на Банката. Клиентот мора да биде идентификуван од вработениот во филијалата пред да добие нови профил и лозинка.

3.2 Дигиталниот сертификат претставува потпис на клиентот за потпишување на платни налози, налози за пренос на средства од трансакциската сметка на клиентот до сметката одредена од него. Со примената на дигитален сертификат Банката ги задоволува највисоките стандарди за заштита и на клиентите им обезбедува сигурен пристап и можност за управување со сопствените средства. Дигиталниот сертификат им е потребен на клиентите кои сакаат да извршуваат плаќања преку e-banking сервисот и истиот може да се добие на CD или на USB token.

- За CD дигиталниот сертификат прочитајте во 3.3. За техничките преференции на e-banking сервисот прочитајте ги прашањата 3.5, 3.6, 3.7 и 3.8.

Стопанска банка АД - Скопје, 11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Македонија
тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOB MK 2X, ЕМБС 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk

- За USB token сертификатот прочитајте во 3.4. За техничките преференции на e-banking сервисот прочитајте ги прашањата 3.5, 3.6, 3.7 и 3.8.

Доколку клиентот сака да има само увид во своите сметки и производи тогаш не мора да го добие и користи дигиталниот сертификат и истото треба да го нагласи кога ќе поднесе барање за користење на e-banking сервисот.

3.3 Дигиталниот сертификат претставува потпис на клиентот за потпишување на платни налози, налози за пренос на средства од трансакциската сметка на клиентот до сметката одредена од него. Со примената на дигитален сертификат ги задоволува највисоките стандарди за заштита и на клиентите им обезбедува сигурен пристап и можност за управување со сопствените средства. Дигиталниот сертификат им е потребен на клиентите кои сакаат да извршуваат плаќања преку e-banking сервисот и истиот може да се добие на CD или на USB token.

**CD дигиталниот сертификат** е мал софтвер кој не го оптоварува компјутерот. Истиот мора да биде инсталиран на компјутерот од каде клиентот планира да ги извршува плаќањата и може да се инсталира на неограничен број компјутери иако препорака од Банката е да се инсталира на персонален компјутер до кој има пристап само клиентот. Упатството за инсталација е дел од CD-то и целиот процес трае не повеќе од 5 минути. При инсталацијата од клиентот се бара да состави и внесе лозинка со која ќе ги потпишува налозите за плаќање и Банката препорачува истата да е различна од лозинката за најава во системот. Покрај сертификатот, клиентот треба да инсталира уште 3 други компоненти со цел системот да може да ги реализира плаќањата. За техничките преференции на e-banking сервисот прочитајте ги прашањата 3.4, 3.5, 3.6 и 3.7. По инсталацијата e-banking системот ќе го прашува клиентот дали на компјутерот од кој сака да реализира плаќања е инсталиран дигиталниот сертификат пред да пристапи кон конструкција на налозите и нивно плаќање. Клиентот треба потврдно да одговара на прашањето доколку сертификатот е успешно инсталиран на компјутерот.

На еден компјутер може да се инсталира повеќе од еден сертификат.

CD сертификатот има важност од 2 години. Пред крајот на валидноста на сертификатот, клиентот добива порака на e-banking најавната страница со прашање дали е согласен да се изработи нов сертификат.

3.4 Дигиталниот сертификат претставува потпис на клиентот за потпишување на платни налози, налози за пренос на средства од трансакциската сметка на клиентот до сметката одредена од него. Со примената на дигитален сертификат Банката ги задоволува највисоките стандарди за заштита и на клиентите им обезбедува сигурен пристап и можност за управување со сопствените средства. Дигиталниот сертификат им е потребен на клиентите кои сакаат да извршуваат плаќања преку e-banking сервисот и истиот може да се добие на CD или на USB token.

Стопанска банка АД - Скопје, 11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Македонија
тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOB MK 2X, ЕМБС 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk

**USB token сертификатот** не се инсталира на компјутерот, истиот се активира со поставување на апаратот во USB порт на компјутерот од каде клиентот сака да плаќа. Поради тоа, USB token-от е мобилен/пренослив односно не се запишува на компјутерите каде бил користен и затоа може да се користи на кој било компјутер без притоа истиот да се инсталира. При користење на e-banking системот истиот ќе го прашува клиентот дали на компјутерот од кој сака да реализира плаќања е инсталиран дигиталниот сертификат или е достапен USB token дигиталниот сертификат. Со потврдување на ова прашање клиентот може да пристапи кон конструкција на налозите и нивно плаќање.

За успешна употреба на USB token-от потребно е да се активирани дополнителните програми кои се објаснети во прашањата 3.5 и 3.6.

USB token дигиталниот сертификат има важност од 2 години. Пред истекот на периодот клиентот добива порака да ја посети филијалата за ресетирање на USB Token-от и доделување на нов.

3.5 Со примената на дигитален сертификат (достапен на CD или на USB token) Банката ги задоволува највисоките стандарди за заштита и на клиентите им обезбедува сигурен пристап и можност за управување со сопствените средства. За успешна употреба дигиталните сертификати бараат системот да активира уште 3 компоненти:

| За **CD дигитален сертификат** да се инсталираат/активираат: | За **USB token дигитален сертификат** да се инсталираат/активираат: |
|---|---|
| Сите опции на ActiveX Control and plug-ins да се означат со Enable или Prompt. Како дополнителна заштита на вашиот компјутер препорачуваме веб страницата https://ebank.stb.com.mk да се означи како Trusted site. | • За Windows 2000/XP: PKIClient-x32-4.5_signed.msi<br>• За Windows Vista (32-bit): PKIClient-x32-4.55.msi<br>• За Windows Vista (64-bit): PKIClient-x64-4.55.msi<br>• За Windows 7 (32-bit): PKIClient-x32-5.1-SPI.msi<br>• За Windows 7 (64-bit): PKIClient-x64-5.1-SPI.msi |
| StbXmlSignatureInstall.msi | StbXmlSignatureInstall.msi |

3.6 Дополнителните потребни програми/подесувања објаснети во 3.5 се достапни на веб страницата на Банката http://www.stb.com.mk/ebank/download.htm

Стопанска банка АД - Скопје, 11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Македонија
тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOB MK 2X, ЕМБС 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk

3.7 E-banking сервисот на Стопанска банка АД – Скопје е прилагоден да функционира на најсовремените оперативни системи и постојано се надградува. Банката препорачува истиот да се користи согласно следните технички барања:

- Оперативен систем : Windows 2000 или повеќе (Mac и Linux OS не се поддржани)
- Internet Explorer 6.00 или повеќе
- пристап кон интернет од 33.600 Kbps или повеќе, ISDN или постојана врска
- Модем : 56K, или ISDN

3.8 E-banking сервисот можете да го користите за плаќање на Internet Explorer 6.00 или повеќе, додека на сите други пребарувачи можете да имате увид во сметките и производите кои ги користите.

3.9 E-banking системот на Стопанска банка АД – Скопје ги реализира плаќањата согласно работното време на Банката и платниот промет во РМ (види прашање 4.2). Сепак, со цел да им излезе во пресрет на клиентите Банката овозможува клиентот да назначи иден датум за реализација на налогот. Клиентот притоа треба да внимава идниот датум да биде работен ден и на тој датум на сметката да има расположливи средства доволни за реализација на налогот.

Врати се на почеток

# IV Кои се трошоците и термините за користење на e-banking сервисот

1. Дали има провизија за плаќања преку e-banking сервисот?
2. Во кој период може да се реализираат плаќања преку e-banking сервисот?

4.1 За физички лица: без провизија за плаќања на сметки во Стопанска банка АД – Скопје преку интерниот систем на Банката. На фактурите за режиски трошоци наведени се сметките на компаниите во банките со кои работат. Изберете и внесете ја сметката од Стопанска банка и плаќајте ги трошоците без провизија (парно, струја, вода, телефон, интернет, кабелска ТВ и сл.). Детален опис на трошоците и термините за плаќање:

**а. Термински план и провизии за плаќања за физички лица во работни денови:**

| | Начин на плаќање | Понеделник - Петок | Сабота | Провизија |
|---|---|---|---|---|
| Кон други банки | 1 МИПС | од 07:45 до 16:20 часот | / | 100,00 ден. |
| | 2 КИБС до 10.000 | од 07:45 до 14:20 часот | / | 9,00 ден. |
| | 3 КИБС над 10.000 | од 07:45 до 14:20 часот | / | 12,00 ден. |
| Кон СБ | 4 Интерен | од 07:45 до 18:00 часот | од 07:45 до 13:00 часот | Без провизија |
| Надоместокот за издавање на дигитален сертификат на CD | | | | БЕСПЛАТНО |
| Надоместокот за издавање на дигитален сертификат на USB Token | | | | 1.200,00 ден. еднократно |

**б. Термински план и провизија за плаќања за правни лица во работни денови:**

| Платен систем | Понеделник до Петок | Сабота | Провизија | |
|---|---|---|---|---|
| Интерен систем на СБ | од 07:45 до 19:00 часот | од 07:45 до 13:30 часот | 1-10,000 ден. | 7,00 ден. по налог |
| | | | над 10.000 ден | 11,00 ден. од налог |
| КИБС | од 07:45 до 14:20 часот | / | 1-10,000 ден. | 13,00 ден. по налог |
| | | | над 10.000 ден | 18,00 ден. од налог |
| МИПС | од 07:45 до 16:20 часот | / | | **100,00 ден. по налог** |
| ПП53 налог за исплаќање на плати од 7:45 до 14 часот | | | интерно | 4,00 ден. по налог |
| | | | КИБС | 12,00 ден. од налог |
| Надоместокот за издавање на дигитален сертификат на USB токен | | | 1.200,00 денари | |
| Водење на сметка | | | **200,00 денари месечно** | |

Стопанска банка АД - Скопје, 11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Македонија
тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOB MK 2X, ЕМБС 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk

4.2 Види погоре, прашање IV.1.

Со цел олеснување на работењето на клиентите со e-banking системот овозможено е на налозите за плаќање да биде назначен иден датум. Потребно е клиентите да внимаваат назначениот иден датум да биде работен ден и тој ден да ги имаат потребните средства за реализација на налогот. Налогот ќе се реализира на почетокот на работниот ден во зависност од расположливите средства на сметката на клиентот.

Врати се на почеток

# V Податоци за безбедност

1. Дали е безбедно CD дигиталниот сертификат да го инсталирам на компјутер до кој имаат и други пристап?
2. Дали постои шанса некој да го злоупотреби мојот e-banking профил и како да се заштитам од тоа?

5.1 Дигиталниот сертификат е делот од безбедносната сложувалка со која клиентот е обезбеден од злоупотреба на сметките, податоците и средствата. Препорачуваме дигиталниот сертификат да го инсталирате на компјутер до кој имате пристап само вие но доколку сакате да го инсталирате на компјутер до кој имаат пристап повеќе лица внимавајте секогаш да се одјавите од e-banking сервисот кога ќе завршите да го користите и не се согласувајте системот да го запамети името на вашиот профил ниту лозинката. Не оставајте трага од лозинката и името на профилот во други документи на компјутерот и доколку повлечете извештај од e-banking сервисот истиот потоа избришете го од компјутерот.

5.2 E-banking сервисот е развиен интерно во Банката и при користењето клиентот директно комуницира со Банката без посредници, без други софтверски компании. При развојот користени се врвни стандарди за заштита кои спречуваат злоупотреба. Со дигиталниот сертификат кој го има само клиентот како и лозинката за најава и лозинката за потпишување на налозите дополнително се гарантира безбедноста од злоупотреба. И понатаму вложуваме многу ресурси кон заштита на системот, сервисот и клиентите како трајна определба да нудиме безбедни, стабилни и трајни услуги.

Врати се на почеток

Стопанска банка АД - Скопје, 11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Македонија
тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOB MK 2X, ЕМБС 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk

# VI Заборавена лозинка, изгубен сертификат, пријава на злоупотреба

1. Што ако ја изгубам/заборавам лозинката за најава или името на профилот?
2. Што ако го изгубам CD/USB дигиталниот сертификат?
3. Каде и како да пријавам злоупотреба на e-banking профилот?

6.1 Во случај да ја **заборавите лозинката** за пристап до e-banking сервисот можете веднаш да пратите допис до kontaktcentar@stb.com.mk со вашиот ЕМБГ (матичен број) и вашиот username (име на профилот). Доколку дописот биде испратен во работно време на Банката ќе добиете во рок од неколку минути нова лозинка која ќе ја користите само при прва најава и ќе треба веднаш да креирате нова. Потребни се 30 минути откако ќе го добиете новиот password за да можете да се најавите на системот. Ве молиме за трпение.
Доколку пак да го **заборавите/изгубите името на профилот** ве молиме дојдете во најблиската филијала бесплатно да ви ги името на профилот и лозинката. Со обновените име и лозинка ќе можете да се најавите еднаш на e-banking системот и потребно е веднаш да составите лозинка која само вие ја знаете и со која ќе се најавувате во иднина. (види прашање 3.1)

6.2 Доколку го изгубите сертификатот доделен на USB или CD ве молиме поднесете барање за негово обновување во најблиската филијала. Ќе ви биде изработен комплетно нов сертификат и истиот ќе има валидност од 2 години. За обновување на сертификатот важат тарифите наведени во прашање 4.1.

6.3 Во случај да се сомневате дека вашиот профил бил употребен од неовластени лица контактирајте го веднаш нашиот 24 часовен инфо центар (02) 3100 109

Врати се на почеток

Стопанска банка АД - Скопје, 11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Македонија
тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOB MK 2X, ЕМБС 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk

# VII Дополнителни прашања и проблеми

1. Што ако ми се појави порака од типот DLL Server Error, Unauthorized access или слично?
2. Зошто не ми се појавуваат сите сметки кои ги имам во Банката?
3. Зошто не ми се ажурира состојбата на сметката?
4. Зошто не можам да ги гледам месечните извештаи постари од 6 месеци?
5. Кога се појавуваат на изводот трансакциите направени со картичка или на шалтер?
6. Дали има инструкции за користење на e-banking сервисот?
7. Како можам да го докажам плаќањето реализирано преку e-banking сервисот?

7.1 Сите пораки кои вашиот компјутер може да ги појави при инсталацијата или при користењето на e-banking сервисот се индивидуално зависни од подесувањата потребни за вашиот компјутер. Во случај на ваква појава на порака слободно контактирајте го нашито инфо центар за асистенција на (02) 3100 109.

7.2 При поднесување на барање за e-banking профил клиентот избира кои сметки сака да се гледаат на сервисот а кои не. Во случај на отворање на нова сметка или потреба некоја сметка да се додаде на прегледот клиентот може да се јави на 24 часовниот инфо центар (02) 3100 109 и да побара од операторите сметките да бидат додадени на прегледот.

7.3 Состојбата на сметките се ажурира постојано. Со цел дополнителна проверка клиентот може да кликне на линкот „состојба“ достапен за секоја сметка и да добие нова состојба. Истото е можно и со кликнување на самата сметка при што клиентот ќе добие повеќе информации за сметката, меѓу другото и тековната состојба. Во случај состојбата да не се ажурира контактирајте го 24 часа инфо центарот (02) 3100 109 и побарајте од операторите да ви асистираат.

7.4 Месечните извештаи постари од 6 месеци се достапни на шалтерите на Банката. На e-banking сервисот согласно досегашното искуство клиентите во над 95% од случаите не ги бараат месечните извештаи постари од 6 месеци па поради тоа истите не се оставаат на серверот. За постари извештаи обратете се со молба во една од филијалите на Банката.

7.5 Трансакциите направени со картичка на банкомат или на шалтер се појавуваат веднаш на e-banking сервисот. Трансакциите направени со картичка во трговската мрежа ќе се појават како

трансакции веднаш штом ќе се направи порамнување со трговецот и неговата сметка што е временски период кој трае различно за секој трговец, банка и земја.

7.6 На веб страницата на Банката поставено е демо кое илустрира неколку основни активности достапни на e-banking сервисот. Дополнително, во горниот десен агол на секоја страница од e-banking апликацијата имате линк „помош“ кој ги има опишано и прикажано сите активности со текст и слика. Секако, во секое време можете да побарате помош од нашите оператори на 24 часовниот инфо центар (02) 3100 109

7.7 Откако успешно ќе го реализирате налогот/плаќањето можете истиот да го испечатите и да го приложите како доказ за успешна исплата на средства. Бројот FTxxxxxxxxxxxx кој се појавува над секој успешно реализиран налог е бројот на трансакцијата и истиот се користи за проверка во системите на Банката.

Врати се на почеток

# VIII Општи услови за користење

**Правни аспекти**

Ова е официјалната страница на Стопанска банка АД – Скопје.

Стопанска банка АД – Скопје има комплетни авторски права врз содржината на веб страницата.

Корисниците кои пристапуваат до оваа веб страница ги имаат следните права:

- Да ја прегледуваат содржината
- Да превземаат, преведуваат или користат дел од информациите поставени на страницата исклучиво само со цитирање на изводот
- Да ги копираат или печатат материјалите достапни на веб страницата без комерцијални цели
- Да ги поврзуваат нивните страници со линкови до оваа веб страница (во случај тие линкови да се со бизнис/маркетинг цели ново прозорче треба да ја отвара од линкот веб страницата на Стопанска банка АД – Скопје)
- Секое физичко или правно лице кое базирано на информациите достапни на веб страницата ќе донесе одлука, ќе биде одговорен за успехот или неуспехот на одлуката која ја донел и сите загуби кои може да произлезат од неа

Стопанска банка АД – Скопје негира одговорност за содржината на надворешни веб страници кои може да се посочени во рамки на оваа веб страница.

Веб страницата на Стопанска банка АД – Скопје претставува збир на податоци и информации кои имаат цел да информираат. Стопанска банка АД – Скопје го задржува правото да ја менува содржината и структурата на веб страницата во секое време без претходна најава.

Производите и услугите опишани на оваа веб страница се однесуваат исклучиво на Стопанска банка АД – Скопје и се во комплетна сопственост на Банката.

Секој обид да се промени изгледот и содржината на страницата, со исклучок на правниот сопственик Стопанска банка АД – Скопје, како и создавањето линкови без претходна согласност на Банката ја ослободува Банката еднострано и без последици да ги користи своите права и да побара санкции за сторителите од компетентните служби.

**Општи услови**

Ова лого припаѓа исклучиво на Стопанска банка АД - Скопје, членка на НБГ групацијата (Банка) и не може да се користи без да се има претходна писмена согласност. Било која употреба која не е во рамките на договореното со Банката, на било кој начин, било монетарен или не, претставува прекршување на правата. Присуството на логото на Стопанска банка АД - Скопје, членка на НБГ

групацијата не е обврска или неотповикливо задолжение превземено од Банката, и не и гарантира на Банката одобрување на кредитот побаран од страна на трети лица, партнери на Банката, како и, не гарантира исполнување на обврските превземени од страна на партнерите.

Врати се на почеток

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
Стопанска банка АД - Скопје, 11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Македонија
тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOB MK 2X, ЕМБС 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk

# IX Новитети во сервисот за електронско банкарство

Почитувани корисници на e-banking сервисот на Стопанска банка. На ваше барање Банката подготви новитети со кои се збогатува бројот на услуги што може да се користат но и се олесни употребата на истиот.

Новитетите се во делот на:

## 9.1 НАПРЕДНО ПРЕБАРУВАЊЕ

Овозможено е напредно пребарување на налозите креирани со e-banking сервисот во рамки на една сметка по повеќе параметри како на пр.: износ, датум, назив на примател, тип на налог, сметка на примачот, повикување на број, шифра, начин, статус и тн.

Со овој новитет, можете на брз и лесен user friendly начин да ги најдете сите плаќања кои се реализирани преку сервисот за електронско банкарство, да ги снимите како шаблони, да ги испечатите или едноставно да имате увид во налогот.

Напредното пребарување ви е достапно на линк поставен веднаш до календарот со датуми согласно приказот подолу:



Стопанска банка АД - Скопје, 11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Македонија
тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOB MK 2X, ЕМБС 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk

Со избирање на исписот „напредно пребарување" се појавува формулар за внес на параметри. Внесете минимум еден параметар и одберете го полето "Барај„ во десниот долен агол:




## 9.2 ПОЛЕСНО ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПП – 30 НАЛОЗИ ЗА ПЛАЌАЊЕ

Како второ подобрување се појавува и полесниот начин за пополнување на ПП30 налозите каде отсега уште при почнување на плаќањето можете да изберете една од вашите сметки во Банката во делот **Сметка на примачот**, доколку често правите трансфер од трансакциската на другите ваши сметки.

Дополнително, со оглед на тоа што платниот промет разликува голем број на **шифри за плаќање** истите се групирани и можете полесно да ги одберете од drop мени поле веднаш до полето за внес на шифра.

На приказот подолу означени се 2те нови полиња како и менијата што се појавуваат при избор на новите полиња:

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
Стопанска банка АД - Скопје, 11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Македонија
тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOB MK 2X, ЕМБС 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk




## 9.3 АВТОМАТСКО АЖУРИРАЊЕ НА СОСТОЈБА НА СМЕТКИ

Согласно потребите од поголем автоматизам во дел од работењето со e-banking сервисот Банката овозможи нова функција во делот на приказ на состојба на сметки. Имено, со секое прво најавување во денот се ажурираат состојбите на сите ваши сметки. Со секоја следна најава во текот на денот, како и досега, потребно ќе биде да кликнете на копчето „Состојба“ за да добиете ажурирана состојба.

## 9.4 ПРОМЕНА НА ПРИКАЗ НА СМЕТКИ

Од неодамна Банката овозможи полесно уредување на приказот на сметки на e-banking платформата со новиот модул кој се појавува на најавната страница од сервисот.

Со избирање на полето „Изберете сметки за приказ“ се отвора нов дел во кој се прикажани сите ваши сметки и можете со едноставно штиклирање да потврдите кои сметки сакате да ги гледате на најавната страница на e-banking сервисот.

Во листата означени со X се сметките кои системот дозволува да се користат за e-banking плаќања.



## 9.5 Девизни плаќања за физички и правни лица

Како и кај денарските трансакции се избира линкот „Налози“ од сметката од која сака да се изврши плаќањето.

За креирање на налог за плаќање во странство се избира Образец 1450




Во образецот 1450 се пополнуваат следните полиња:

- Датум на доставување на налогот
- Назив на налогопримачот(задолжително со големи латинични букви)
- Адреса (на налогопримачот)
- Број на сметка ( на налогопримачот)(се внесува без празни места)
- SWIFT код на банката(се внесува без празни места)
- Земја (каде се врши плаќањето)
- Износ

- Шифра (т.е. намена на плаќањето)
- Цел на дознака ( се пополнува само по внесот на шифрата)
- Референтен број (број на фактура или друг документ)
- Коментар (не е задолжително поле и може да се внесат различни појаснувања и информации. На примеркој ќе ги сноси трошоците на странските банки)

По пополнувањето на образецот 1450 се избира Сними.




Потоа доколку е потребно може да се промени налогот со избор на линкот Промени, или доколку е потребно (за правни лица е задолжително) да се прикачат документите по кои се врши плаќањето, на пример фактура.

Докуменитите се прикачуваат на следниот начин:




Најпрво се кликнува на линкот Прилози

По клик на копчето Browse се избира (селектира) датотеката која сака да се прикачи од прозорот Choose fileи се кликнува на Open. Потоа се внесува опис на документот, по што се кликнува на знакот плус (+). Оваа постапка се повторува за онолку документи колку е потребно да се приложат.

По прикачувањето на документите се кликнува на Сними по што се враќаме на прозорот со налози. Овде како и кај денарските плаќања треба да се потпише налогот со соодветниот сертификат/и за потпис и налогот да се испрати до банката со клик на линкот Прати.

Доколку налогот е за истиот ден веднаш се добива одговор дали налогот е доставен до Стопанска банка. Налозите со иден датум ќе добијат одговор на датумот на доставување.

Кога налогот е доставен до банката, се проверува дали е уредно пополнет, дали има доволно средства за негова реализација и дали е во согласност со регулативата. Во зависност од оваа проверка ќе добиете одговор дали налогот е прифатен за реализација или не е прифатен.

Доколку е прифатен ќе биде проследен за реализација, за што ќе добиете информација на самиот налог и во изводот од сметката.

По реализацијата на налогот преку е-маил ќе ви биде составена и копија од SWIFT поракаta.